UNIQA

Арх. 2022_0202_78 од 23/08/2022 г

Управниот одбор на Друштвото за осигурување УНИКА А.Д Скопје на седница одржана на ден 23.08.2022 год. ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**Член 1**

Се менуваат и дополнуваат Услови за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР број 2022_0202_19 од 16.02.2022 година .

**Член 2**

Во членот 5 се додава нова точка 11 која гласи :

"11. Поради обична кражба, провална кражба и кражба на целото возило, доколку возилото за време на штетниот настан не било :

- паркирано на физичко заштитено, оградено, надгледувано и осветлено паркиралиште, на кое е постојано чувано од страна на возачот односно неговиот помошник;
- паркирано во заклучена и оградена гаража , во случај да не е чувано од страна на возачот или неговиот помошник;
- не било паркирано на паркиралиште што е чувано 24 часа "

**Член 3**

Во членот 6, точка 4 се бришат зборовите " само за источно европските земји "

**Член 4**

Во членот 6, се менува точка 9 и истата гласи :

"9. По пат возачите и нивните помошници се должни задолжително да паркираат на :

- Паркиралиште кое е чувано 24 часа
- Физичко заштитено, оградено, нагледувано и осветлено паркиралиште, во случај возилото да е постојано чувано од возачот или неговиот помошник
- Заклучена и оградена гаража, во случај возилото да не е чувано од страна на возачот или неговиот помошник
- Во случај на настанување на штета, осигуреникот е должен да достави писмени докази за исполнување на обврките од точка 9 "

**Член 5**

Се менува член 13 и истиот гласи :

"Член 13

Исплата на штета

1. Кога ќе настане осигурен случај, осигурувачот е должен да го исплати надоместокот или сумата определна со договорот во договорениот рок кој не може да биде подолг од 14 (четиринаесет) дена од денот кога осигурувачот добил известување дека настанал осигурениот случај.

2. Ако за утврдување на постоењето на обврската на осигурувачот и нејзиниот износ е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено постоењето на неговата обврска и нејзиниот износ.

3. Осигурувачот во секој случај е должен да го исплати, по барање на овластено лице,

неспорниот дел од својата обврска на име на аванс, ако не е во можност да ја утврди вкупната обврска за исплата во рокот утврден од став (1) од овој член.

4. Осигурувачот бара пред исплата на штетата потпишување на спогодба со која се утврдува исполнување на обврската на осигурувачот, доколку износот на штетата надминува износ од 35.000 денари .

5.Исплатата на надоместокот или осигурената сума и уплатата на премијата се врши во согласност со одредбите од Законот за данок на добивка, Законот за персонален данок на доход и останатата даночна регулатива која се однесува на осигурувањето.

6.Осигурувачот нема да изврши исплата на надомест на штета или да обезбеди друг вид на надомест ,по основа на оваа полиса, доколку плаќањето на штета или друг вид на надомест е во спротивност и/или го изложи осигурувачот на какво било санкции,забрани,рестрикции ,определени со резолуции на Обединетоте нации, трговски или економски санкции,закони или регулативи на Европската Унија,Република Северна Македонија, Соединетите Американски Држави, или кое било национално законодавство што важи за страните на овој договор."

**Член 6**

Условите за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР и нивните измени да се објават на веб страната на УНИКА АД Скопје.

**Член 7**

Овие измени стапуваат на сила на 01.09.2022 година .

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи, управување со човечки ресурси и усогласеност со законска регулатива условите да ги изготви во соодветна форма согласно законските прописи и во рок од 5 дена од донесување на оваа одлука да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

*Образложение :*

Друштвото за осигурување во рамки на постапката за ревизија на Условите за осигурување, пристапи кон измени и дополнувања во Услови за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР во насока на дефинирање на обврските на договорните страни .

Новите услови ке се применуваат за договори склучени од 01.09.2022 година.

УНИКА А.Д. Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритон Азизи